РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА
СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр 04-5144/1
04.12 2025 год.
Охрид

Врз основа на член 212 став 3 од Законот за социјална заштита (Службен Весник на РСМ бр.104/19, 146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, бр.163/21, бр.294/21, 99/22, бр.236/22, бр.65/23) а во врска со член 20-г и член 20-д став 3 и4 од Закон за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на РМ бр.27/14, бр.199/14,бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18, 143/19, бр.14/20, бр.208/24) и Правилникот за задолжените елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавниот сектор (Службен Весник на РМ бр.242/24) Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025

За вработување на неопределено работно време на 1 ( давател на јавни услуги )

**1.СО30303А04022 Водител на случај-Педагог од ниво А04 во Служба за услуги од социјална заштита- 1 (еден) извршител**.

**Општи услови**

-Да е државјанин на Република Северна Македонија,
-Активно да го користи македонскиот јазик,
-Да е полнолетен,
-Да има општа здравствена способност за работното место,
-Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија,дејност или должност.

**Посебни услови**

-За ниво А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование Педагогија или дипломиран Социјален и рехабилитациски предагог со најмалку 2 години работно искуство.
-Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Општи работни компетенции на средно ниво:**

-Учење и развој
-Комуникација
-Остварување резултати

-Работење со други/тимска работа
-Ориентираност кон странките/засегнати страни и
-Финансиско управување

**Распоред на работно време**

-Работни денови: Понеделник-Петок
-Работни часови неделно: 40
-Работно време: почнува од 7:30 до 8:30 и завршува од 15:30 до 16:30 часот

**Паричен нето износ на плата**: 41088,00 денари

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 (пет) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавување на огласот ( не сметајќи го денот на објавување на огласот).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид или да се симне на интернет страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид- csrohrid.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост,прецизно и со точни податоци.

Постапката по јавниот оглас се содржи од две фази: административна селекција,која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју.

За кандидатите за кои при административна селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

За останатите кандидати во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на административната селекција комисијата спроведува интервју.

По завршената административна селекција и интервју, комисијата составува ранг листа која во рок од 5 (пет) дена му ја доставува на директорот и му го предлага прворангираниот кандидат.

При составување на ранг листата комисијата за селекција ги применува одредбите од Законот за вработени во јавниот сектор за вработувањата на кандидати со припадност на заедницата согласно годишниот план за вработувања на институцијата.

Директорот донесува одлука за вршење избор или неизбор на кандидат, во рок од 8 (осум) дена по приемот на ранг-листата од комисијата за селекција, која се објавува на огласната табла на установата и на интернет страницата на установата.

Одлука за избор или неизбор на кандидати се доставува до кандидатите кои ја поминале административната селекција.

Право на учество имаат сите граѓани на РСМ кои ги исполнуваат условите наведени во огласот.

Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебни услови:

-Уверение за државјанство,

-Уверение за општа здравствена способност за работно место

-Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија,дејност или должност,

-Доказ за соодветно работно искуство,

-Доказ-Диплома/Уверение за завршено образование,

-Доказ за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид или по пошта на следната адреса: ул.„7-ми Ноември" бр.282 Охрид ( со назнака за „јавен оглас-01/2025") Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси-Комисија за селекција на кандидати за давател на јавна услуга.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

По истекот на рокот за пријавување, огласот ќе биде отстранет од интернет страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид.

Контакт телефон: 046/260-707; 046/279-753;

ЈУМЦСР Охрид
Директор
Славчо Ристески